Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
КОЧО РАЦИН
Бр. 03-171/2
08.05.2026 год.
ПРИЛЕП

ООУ„Кочо Рацин"Прилеп
ул. „Борка Талески" бр.64, Прилеп, Прилеп
тел. 048 425 772 или e-mail: kocoracinprilep@yahoo.com

Врз основа на училишниот Правилник за избор и прогласување на ученик на генерацијата при ООУ„Кочо Рацин", Прилеп, Комисијата распишува

# КОНКУРС

За избор на **првенец на генерацијата** во учебната 2025/26г

Комисијата за избор и прогласување на ученик на генерација при ООУ„Кочо Рацин", Прилеп распишува конкурс за избор на првенец и истиот ќе трае **од 11.05.2026г до 25.05.2026г**.Потребните документи треба да се достават во педагошко психолошката служба до 12.00часот на 25.05.2026г.
На конкурсот имаат право да се пријават сите ученици коишто се **IX одделение** при ООУ„Кочо Рацин", кои што ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатот да постигнувал **среден успех 5.00** на крај на наставната година од IV до IX одд.
- Кандидатот да бил оценет со **примерно поведение**на крај на наставната година од IV до IX одд.
- Да учествувал и постигнувал **резултати на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари ;**
- **Да не бил казнуван со педагошка мерка** од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на **неоправдани изостаноци** во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година пооделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес и **учествувал во воннаставни активности и проекти за унапредување на работата на училиштето**.

Комисијата за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици при ООУ„Кочо Рацин" ќе ги рангира сите пријавени според веќе утврдените инструменти за рангирање најдоцна до **01.06.2026г** и ќе ги објави резултатите од Конкурсот.

Датум 11.05.2026г

Република Северна Македонија
КОЧО РАЦИН
Општинско основно училиште
Прилеп

**Комисија**
**за избор на првенец на генерација**